**МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ**
**СКОПЈЕ**



*Мајка со дете, 1934*
Mother and Child

# Никола Мартиноски

**(1903 – 1973)**

**ЛИКОВЕН САЛОН НА МАНУ, НОЕМВРИ 2003**

*ВО ЧЕСТ НА НИКОЛА МАРТИНОСКИ*

*Оваа изложба на дел од неговото творештво МАНУ ја посветува на 100 години од раѓањето и 30 години од смртта на академикот Никола Мартиноски. Изложбата е организирана во соработка со Музејот на современата уметност - Скопје.*

## *ЗА ОДЛИКИТЕ НА ТВОРЕШТВОТО НА НИКОЛА МАРТИНОСКИ*

Комплексното и обемно ликовно творештво на Никола Мартиноски (Крушево, 18 август 1903–Скопје, 7 февруари 1973) има исклучително значење во создавањето и развитокот на современата македонска уметност и на севкупната понова култура на Македонија; аргумент е за нашето творечко припаѓање на Европа. Таквата историска, пионерска, втемелувачка и поттикнувачка улога на Мартиноски произлегува од неговиот впечатлив уметнички придонес. Тој својата исклучителна визуелна интелигенција, со која целосно се вгради во современата цивилизација на сликата, и раскошната ликовна фантазија, маестрално ги преточи (почнувајќи од третата деценија на 20 век) во модерни, често провокативни ликовни творби: во илјадници слики, цртежи, мурали, илустрации; во театарски сценографии создадени во 1939 година, во неколку, за жал, уништени скулптури.

Мартиноски беше творец многувидно и страсно сроден со своето време; живееше и твореше во Скопје (со сите негови многувидни ограничувања за кој и да е слободен и предизвикувачки творечки исказ), со стил и амбиции насочени да се усогласат со творештвото на некои големи модерни творци, кои живееја во европските уметнички метрополи. Воедно, Мартиноски беше поврзан со македонската етничка и социјална средина и со ликовната традиција на Медитеранот. Меѓутоа, знаењата и ликовната култура освоени со школувањето во Букурешт во Школата за убавите уметности (1920–1927) или во Париз (1927–28): преку "академските" поуки на М. Кислинг и Ж. Бисиер; од рафинираното, сензуално творештво на Модилјани; во жестокото "сакатење" на формите кај Сутин и германските експресионисти; во посткубистичките деформации на Пикасо, го осмислија и неговиот однос кон византиската уметност; како и за некои авангардни уметници (Маљевич, Кандински), таа стана само еден од поттиците и на неговото творештво. Мартиноски си постави сложен творечки проект (пишуваше за него во 1939): да создаде уметност што ќе има свој специфичен творечки идентитет, во која ќе се здружени антикласичната "модерност" (таква ја согледа во 1936 Талбот Рајс) на византиското сликарство, со модерните правци што уметникот ги беше освоил.

Со тие пориви Мартиноски во Македонија ја воведе модерната уметност - ги рушеше рамките што историскиот развој на оваа земја ги имаше поставено на ликовното и, воопшто, на уметничкото творештво. За делата на Мартиноски критиката искажуваше главно високи вреднувања, но и резерви за оние негови остварувања, што смело и неконвенционално се судруваа со скопската и југословенската социјална и духовна стварност и пред и по Втората светска војна. Тешките ограничувања на политичките, социјалните и духовните аспирации на творечката интелигенција во Кралството Југославија, беа особено изразени во Македонија. Пред 1941 година голем број истакнати уметници во Југосла-вија (но и во Европа) се насочија кон една смирена, граѓанска уметност: оттука, со низа свои "неприфатливи" и "бизарни" решенија, Мартиноски претставуваше наметлив исклучок. Со

*IN HONOR OF NIKOLA MARTINOSKI*

*This exhibition of some of his creative work, MANU (the Macedonian Academy of Sciences and Arts) dedicates to the academician Nikola Martinoski on the occasion of 100 years of his birth an 30 years of his death. The exhibition is organized in collarobation with the Museum of Contemporary Art - Skopje.*

## *ON THE CHARACTERISTICS OF NIKOLA MARTINOSKI'S ART*

The complex and voluminous oeuvre of Nikola Martinoski (Kruševo, 18 August 1903 - Skopje, 7 February 1973) is of exceptional importance for the establishment and development of modern Macedonian art and for the overall recent cultural development of Macedonia and it is an argument for our creative affiliation with Europe. Such a historic role - pioneering, fundamental and inspirational - is the result of his impressive artistic contribution. In the beginning of the third decade of the 20th century, he transformed in a masterful manner his exuberant painterly imagination and his exceptional visual intelligence into provocative works of art, thus becoming an integral part of painting characteristic of the modern civilization. His works include thousands of paintings, drawings, murals and illustrations, as well as stage designs in 1939 and several sculptures that, to our regret, have been destroyed.

Martinoski was an artist who was passionately and in many ways attached to his own time He lived and worked in Skopje with all the limitations that this city imposed on all free and provocative artistic expression. With his style and ambition he endeavoured to harmonize his work with that of some great modern artists who lived in the European cultural capitals. At the same time, Martinoski was in close touch with the Macedonian ethnic and social environment and with the painterly tradition of the Mediterranean. However, his knowledge of the fine arts and the painterly culture that he acquired during his education in Bucharest at the School of Fine Arts between 1920 and 1927 and in Paris between 1927 and 1928 (through the 'academic' instruction he received from Kisling and Bissiere), the knowledge he gained from Modigliani's refined and sensual art, from Soutine's fierce 'mutilation' of forms, from the German Expressionists and from Picasso's Post-Cubist deformations formed his attitude towards Byzantine art. However, as in the cases of certain artists such as Malevich and Kandinsky, it remained only one source of inspiration. Martinoski set for himself a complex objective (he wrote about it in 1939): to create art that would possess its specific creative identity, art that would combine the anti-Classicist "modernity" of Byzantine painting (seen as such by Talbot Rice in 1936) with the modern currents in art that he had already mastered.

Inspired by such impulses, Martinoski introduced modern art in Macedonia and shattered the frames that had been imposed on the visual arts and art in general by the historical development of the country. In general, Martinoski's work received favourable reviews; there were, however, also those who expressed their reservations in regard to some of his achievements that boldly and unconventionally clashed with the social and spiritual realities of Skopje and Yugoslavia before and after World War II. The strict limitations imposed on the political, social and spiritual aspirations of the creative intelligentsia in the Kingdom of Yugoslavia were particularly pronounced in Macedonia. Prior to 1941, a large number of prominent artists in Yugoslavia (and also in Europe) had turned to a particular kind of calm, middle-class art; with his "unacceptable" and "bizarre" works,

дрските дисторзии на своето експресионистичко, симболистичко и посткубистичко творештво (особено она создадено од 1928 до 1933 година); со афинитетот за рафинираниот сензуализам на А. Модилјани; со подоцнешното (по 1935) свое сообразување (во слики и цртежи) со лирскиот и социјалниот реализам, Мартиноски во скопската средина ја разголуваше (до својата смрт), пред сѐ, социјалната беда на ромското население. Го искажа своето човечко сочувство за "малиот човек" (за дечињата бездомници,за питачите, измеќарите), но со страст го претстави и кафеанскиот живот и проституцијата. Пред 1941 година Мартиноски ја започна и галеријата престави на "мајки со дете", кои понекогаш ги обликуваше сродно со мотивите на Богородица со дете. Тој обработи и други сакрални теми, најчесто наспроти која и да е догматска конвенција. Мартиноски создаде и многу портрети, најчесто на свои пријатели и блиски, а како и во нив смело го преобразуваше и својот сопствен лик. Од разновидните прикази на женски актови на уметникот, создавани буквално до крајот на неговиот живот, особено од оние на разголените "убавици на ноќта" создадени пред 1941 година, избиваше и еротскиот порив или предизвик.

Создадено меѓу 1933 и 1937 година, а, за жал, сочувано само делумно, и ѕидното сликарство на Мартиноски е убедлив показ за неговото модерно уметничко дејствување. Според идилично-пасторалните теми и стилските одлики, фреските на Мартиноски изведени во неколку скопски куќи (1933, 1936, 1937), беа усогласени со творби од тој вид создадени пред Втората светска војна во други места на Европа. Но, 12 еротски мурали (за кои се пишуваше насекаде во Кралството Југославија) насликани (1935) во ноќниот локал "Океан" (сега не постои) беа, со својата возбудлива ликовна физиономија, единствени на континентот: медитеранските импулси (слободно "цитирање" на антикизантни дионизиско - еротски мотиви) беа предадени со модерната творечка логика на Мартиноски; се искажаа како највпечатлива негова авангардна уметничка провокација, во штотуку појавената, нова македонска ликовна уметност. Но, нивниот пагански еротски порив, оној вткаен и во делата на А. Матис и П. Пикасо, на германските експресионисти и во музичката структура на "Пролетните свечености" ("Sacres du printemps") на И. Стравински, македонскиот уметник фуриозно го излеа и во низа цртежи и слики со разновидни мотиви, пред и по Втората светска војна. При тоа, Мартиноски смело "шеташе" низ симболизмот, надреализмот, експресионизмот, кубизмот: затоа југословенската, париската и американската критика го споредуваше (1953–1957) со Грос, Пикасо, Шагал. Мартиноски беше несомнено учесник во "сексуалната револуција" што ја опфати уметноста во целиот свет од седмата деценија на 20 век и натаму и во тогаш појавениот нов, "див" експресионизам.

Мартиноски создаде низа впечатливи цртежи со "партизански" мотиви (1944). Но не можеше ликовно да се сообрази и со догмите на социјалистичкиот реализам, за чие уривање придонесе сето негово творештво создадено по 1950 година. Покрај веќе посочените, Мартиноски оттогаш наслика и низа "крушевски мотиви", "свадби", сцени поврзани со неговите животни интереси, патетични евокации на скопскиот земјотрес (од 1963) итн. Академикот Никола Мартиноски даде забележителен придонес и како педагог во првите повоени години; со повремениот ангажман како критичар, со долгогодишната работа како директор на Уметничката галерија во Скопје, а неговото ликовно дело секако е поттик и за денешните млади ликовни творци.

*Д-р Борис Петковски*

Martinoski was an obvious exception. With the provocative distortions in his Expressionist, Symbolist and Post-Cubist works (especially those executed between 1928 and 1933), with his affinity for Modigliani's refined sensuality, and with his later paintings and drawings in which he conformed with lyric and social realism (after 1935), Martinoski exposed, until his death, the social misery of the Romany population in Skopje. In doing so, he expressed his humane sympathy for the "little man": for homeless children, beggars and servants; his work was also inspired by the worlds of tavern life and prostitution. Around 1941, Martinoski began to work on his "mother and child" gallery which he occasionally rendered in a manner similar to that of the representations of the Holy Mother of God with Infant Christ. He treated numerous other sacral subject matters, commonly going against all dogmatic conventions. Martinoski also painted many portraits, mainly those of his friends and acquaintances, in which he boldly transformed their features, just as he transformed his own in his self-portraits. His various representations of female nudes that he painted literally until the day he died, and especially his lightly clad "ladies of the night" from the period before 1941, emanated erotic inspiration and provocation.

Created between 1933 and 1937, Martinoski's wall paintings that, regretfully, survive only in fragments, clearly display his modern artistic sensibility and activity. The idyllic and pastoral themes and the stylistic features of the frescoes which Martinoski painted in several houses in Skopje in 1933, 1936 and 1937 corresponded with the works of art created in other parts of Europe before World War II. However, the twelve murals he painted in the now destroyed Ocean Night Club in 1935 (which made the headlines all over the Kingdom of Yugoslavia) were, with their exciting painterly physiognomy, a unique phenomenon in Europe. His Mediterranean impulses – the free "quotation" of the Antique Dionysian erotic motifs – were given shape through his modern creative logic and expressed as his most impressive and avant-garde artistic provocation for the new visual art that had only just emerged in Macedonia. A number of his drawings and paintings with various motifs that date from the period before and after World War II are also permeated with pagan erotic impulses similar to those found in the works of Matisse and Picasso, the German Expressionists and in the musical structure of Stravinsky's *Sacres du printemps*. These works are imbued with a furiously libidinous fantasy. Martinoski boldly "wandered" through Symbolism, Surrealism, Expressionism and Cubism; therefore, between 1953 and 1957, the Yugoslav, Parisian and American critics compared him with Grosz, Picasso and Chagall. It is undoubted that Martinoski participated in the "sexual revolution" that had a global impact on art during the 1960s and onwards, as well as in the emerging, "wild" Expressionism.

Nikola Martinoski made a large number of impressive drawings inspired by the partisan movement (1944). He, however, did not succeed in conforming with the dogmas of Social Realism in terms of painterly expression and his output produced after 1950 contributed to its downfall. In the period that followed, in addition to the works already referred to, he also painted a number of "motifs from Kruševo", "weddings", scenes inspired by issues he was concerned with, pathetic evocations of the Skopje earthquake (after 1963), etc. Academician Martinoski also significantly contributed to our society as a pedagogue in the first post-war years, with his occasional appearances as an art critic and with his long-standing work as Director of the Skopje Art Gallery. His artistic oeuvre remains, without doubt, an inspiration for the present-day generation of young artists.

*Dr. Boris Petkovski*

БИОГРАФИЈА

Роден е на 18.08.1903. во Крушево. Од 1906 до смртта со прекини живее во Скопје.
Од 1920 до 1927. е во Букурешт каде дипломирал на Школата за убави уметности кај професорите Д. Печуреа, Д. Миреа, Н. Ресу и други. При дипломирањето во 1927. добил прва награда за сликарство.
1927-1928. ја посетува наставата на академиите Гранд Шомиер и Рансон во Париз (М. Кислинг и Ж. Бисиер).
Првпат самостојно излагал во Скопје 1929. Како член на белградската група *Облик* (од 1931) учествува на изложби во Белград, Загреб, Љубљана, Скопје, Софија, Прага, Солун и Рим. Во предвоениот период е еден од основачите на Друштвото на ликовните уметници на Вардарска бановина, како и на Друштвото на љубителите на уметноста *Јефимија*. 1939/40. бил сценограф во скопскиот театар. Во 1944. учествува во НОВ, а по ослободувањето активно се вклучува во ликовниот живот во̀ Македонија. Тој е еден од основачите на Уметничкото училиште (денес Училиште за применета уметност) во кое бил наставник и негов прв директор до 1948 и на ДЛУМ, на кое му бил и прв претседател. Од 1948. е директор на Уметничката галерија во Скопје. Во 1967. е избран за член на МАНУ.
Добил многубројни високи одликувања (Наградата АВНОЈ, Октомвриска награда на СРМ...).
Починал на 7.02. 1973. во Скопје.

За неговиот живот и творештво се објавени огромен број текстови и три монографии (автор д-р Борис Петковски).

Самостојни изложби:
Скопје - 1929, 1930, 1935, 1936, 1938, 1939, 1942, 1955, 1958, 1961, 1962, 1965, 1969, 1970, 1974, 1975/76 (монографско-ретроспективна, МСУ), 1976, 1981, 1983, 1987, 1993;
Белград - 1931, 1932 (со З. Петровиќ), 1953, 1966, 1973;
Загреб - 1936 и 1937 (со Т. Кризман), 1954 ;
Љубљана - 1953;
Париз - 1954;
Дижон - 1959;
Нови Сад - 1959;
Куманово - 1969 (со П. Хаџи Бошков);
Крушево - 1993

Учествува на многубројни групни изложби во земјата и во странство меѓу кои и во:
Њујорк, Лондон, Брадфорд, Лугано, Осло, Њу Делхи, Дижон, Мексиско Сити, Москва, Ленинград, Прага, Софија, Рим, Јаши, Пиетра Неамц, Белград, Загреб, Љубљана, Дубровник, Сомбор, Сарево, Словен Градец, Чачак, Скопје, Велес...

Концепција и предговор: Д-р Борис Петковски
Соработник: Захаринка Алексоска Бачева, кустос советник во МСУ
Превод на англиски: Рајна Кошка Хот
Фотографии: фото документација на МСУ
Печат: Скенпоинт

Публицитетот околу изложбата го финансира
фондацијата "Трифун Костовски"



*Автопортрет, 1931*
Self-Portrait

BIOGRAPHY

Nikola Martinoski was born in the town of Kruševo on 18 August 1903 and lived in Skopje from 1906 until his death. Between 1920 and 1927 he stayed in Bucharest where he graduated from the Academy of Fine Arts. His teachers were Prof. Paciurea, Prof. Mirea, Prof. Ressu and others. On his graduation in 1927 he received the first prize for painting. In the period between 1927 and 1928 he attended lectures at the academies of Grande Chaumière and Ranson in Paris (M. Kisling and G. Bissière).
His first one-man exhibition in Skopje was in 1929. As a member of the Belgrade Oblik Group (1931 ) he participated in the exhibitions in Belgrade, Zagreb, Ljubljana, Skopje, Sofia, Prague, Thessalonica and Rome. Martinoski was also one of the founders of the Association of Painters of the Vardar Region and of the Jefimija Association of Art Admirers. In 1939/40 he worked as a set designer for the Skopje Theatre.
In 1944 he joined the forces that fought in the War for National Liberation. After the liberation he was actively involved in the artistic life in Macedonia. He was one of the founders of DLUM (the Association of Macedonian Artists) and its first president. He was also one of the founders of the School of Art (today, the School of Applied Arts) where he was a teacher and its first headmaster until 1948. In 1948 he began his term as the Director of the Art Gallery in Skopje and in 1967 he was elected member of the Macedonian Academy of Sciences and Arts.
Nikola Martinoski is the recipent of numerous highly recognised awards such as the AVNOJ Award ( the Award of the National Anti-Fascist Liberation Council of Yugoslavia) and the 11$^{th}$ October Award of the Socialist Republic of Macedonia.
He died in Skopje on 7 February 1973.



*Порок, 1931/32*
Wice



*Семејство, 1931*
Family



*Питач, 1938*
Beggar



*Во кафеана 2, 1932*
In the Pub 2